Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-1513
11-03-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-843/1 од 7.12.2023 година поднесена од [redacted] од Свети Николе, со адреса на живеење на [redacted], против [redacted] на ООУ „Гоце Делчев"-Свети Николе, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 7.3.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("**Комисијата**") од страна на [redacted] од Свети Николе, поднесена е претставка бр. 08-843/1 од 7.12.2023 година против [redacted] на ООУ „Гоце Делчев"-Свети Николе, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, подносителката во 2021 година, како директорка на ООУ „Гоце Делчев"- Свети Николе аплицирала на проект од Еразмус-национална агенција заедно со други партнер училишта. Меѓутоа, со смената на градоначалник дошло до промена и на директорите на основните училишта, при што било разговарано за тоа што е направено и завршено, што е планирано за понатаму и што треба да се заврши. Тогаш ја прашала новата директорка до каде е работата со Еразмус проектот, кој во меѓу време бил одобрен, како и дали е потпишан договорот, а таа ѝ одговорила дека настанала промена и дека понатаму таа ќе биде координаторка за проектот. Подносителката сметала дека тоа не е фер, бидејќи инсистирањето и целиот труд околу проектот биле нејзина заслуга.

Новата директорка понатаму формирала тим за Еразмус, во кој била вклучена и подносителката [redacted] По завршувањето на првата средба на тимот, на која не била повикана, но добила информација од колешка дека била планирана за мобилност во Турција, ѝ била дадена одлука за формирање на тим за проектот Еразмус+ со нејзини должности како одговорна за организирање и спроведување на LTTD и мобилности за учење и настава. Во член 4 од одлуката стоело дека тимот се формира со цел да се изврши импакт и ширење резултати од проектот, како и усовршување на личен и професионален развој. Во член 5, пак, било предвидено дека училиштето преку средствата од грантот ќе обезбеди поддршка за членовите на тимот во форма на надоместоци за придружба на ученици од земјите партнери, трошоци за патување и слично.

Подносителката се пријавила да поставува фотографии од активностите на веб страната, што значело дека треба да присуствува на сите активности со цел ширење на информации. Наведува дека од истата активност била отстранета. Подетално, била реализирана прва информативна среда за сите координатори од земјите учесници, на која не била ниту повикана ниту известена. Притоа, била известена за првата мобилност која се одржала во нивното училиште, кога се вклучила во

активноста на подготвување закуска, подготвителните активности околу репрезентативниот материјал за учесниците во проектот итн., но наведува дека не била повикана на ниту еден состанок како дел од работниот тим, со што се чувствува понижено и дискриминирано.

Дополнително на ова, наведува настан кога во кабинетот по хемија имало презентација на која таа отишла сметајќи дека треба да биде присутна како дел од тимот, но директорката ја отстранила велејќи ѝ дека нема потреба да е присутна. Утредента тимот бил на посета во Скопје и таа повторно не била повикана. Иста ситуација се случила и при планирана посета на локалитетот Била Зора во близина на Свети Николе, кога ѝ било кажано дека нема потреба таа да оди, како и на 1 април кога по повод денот на шегата била организирана модна ревија во училишната сала, кога наведува дека била јавно избркана и посрамотена пред присутните.

Понатаму биле реализирани неколку мобилности во Романија и Бугарија на кои таа не била повикана, а оделе наставници кои воопшто не биле дел од тимот за Еразмус, наставник почетник со само неколку месеци работно искуство и слично. Последно, таа не отишла ниту на мобилноста во Турција за која ѝ било кажано дека била планирана.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.12.2023 година испрати Барање за доуредување на претставката со кое ја задолжи подносителката истата да ја доуреди во насока што ќе ги појасни околностите што ја сочинуваат дискриминаторската основа наведена во претставката-политичка припадност, како и ќе ги наведе фактите поврзани со политичката припадност на посочениот дискриминатор.

На ден 26.12.2023 година подносителката достави доуредување на претставката на електронската адреса на Комисијата, заведено под бр. 08-843/3.
Во доуредувањето наведува дека е член на политичката партија СДСМ и дека во 1994 година се вработила во подрачно училиште „Даме Груев" во с. Ерџелија, додека живеела во градот Свети Николе. Од таа причина барала да ја префрлат од село во град, но тогаш ѝ велеле дека не е можно да ја префрлат бидејќи не е политички подобна, односно не е член на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.
Наведува дека неколку пати барала да биде префрлена од претходните градоначалници- Слободан Даневски (од 1996 до 2000 година и од 2005 до 2009 година), Роберт Георгиевски (од 2010 до 2014 година) и Зоран Тасев (од 2014 до 2017 година).
По 24 години, дошла во град како наставничка во одделенска настава, при што од тогашниот градоначалник Сашо Велковски била именувана за директорка со мандат од 4 години, од 2017 до 2021 година. Исто така била и на советничка листа на истите избори во 2017 година. Неполна година по завршување на мандатот, во учебната 2021/2022 година повторно била прераспоредена во село, но овој пат во подрачното училиште „Гоце Делчев" во с. Горобинци, што смета дека било сторено врз основа на политичка припадност.

Во однос на политичката припадност на пријавениот дискриминатор, наведува дека сегашната директорка на училиштето, [redacted], е членка на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, именувана од страна на градоначалникот [redacted], кој исто така е од редовите на ВМРО-


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

ДПМНЕ. Дополнува дека директорката после нејзиното именување направила промена во однос на координаторот на Еразмус проектот, односно ја изземала од координаторка и се назначила самата себе, без притоа да ја контактира дали се согласува со тоа. Дополнително на ова, тврди дека наставниците кои ги вклучила во тимот за Еразмус се од редот на ВМРО-ДПМНЕ, при што една членка е советничка во Општина Свети Николе и претседателка на Унија на жени на ВМРО-ДПМНЕ Свети Николе. Подносителката смета дека не добила еднаков третман со другите членови од тимот поради нејзината политичка припадност, со што се чувствува дискриминирано.

На ден 27.12.2023 година, подносителката повторно ја доуреди претставката доставувајќи докази поврзани со нејзиното учество во добивање на Еразмус+ проектот, како и фотографии од кампањата на претходниот градоначалник [redacted] кој доаѓа од редовите на политичката партија СДСМ, а на кои фотографии е и таа.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 2.1.2024 година испрати Известување бр. 08-15/1 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] на ООУ „Гоце Делчев"- Свети Николе, [redacted]

На ден 6.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување од директорката [redacted], преку полномошник [redacted] од Скопје, заведено под бр. 08-15/2.

Во произнесувањето се наведува дека во целост ги оспоруваат фактите и околностите врз кои се темели претставката бидејќи истите не кореспондираат со фактичката состојба, не се вистинити, паушално се наведени и се контрадикторни.

Имено, наведуваат дека [redacted] е вработена во ООУ „Гоце Делчев"- Свети Николе од 12.1.2018 година на неопределено време и во моментов е наставничка во подрачното училиште во с. Горобинци. Неспорно е дека со Решение за избор на директор бр. 0901-135/2 од 8.2.2018 година е избрана за директорка на училиштето од страна на тогашниот градоначалник на Општина Свети Николе со мандат од четири години.

Во однос на Еразмус+ проектот, наведуваат дека врз основа на член 113 став 13 од Законот за основно образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20) и Договорот за доделен грант од програмата ERASMUS + за проектот со референтен број "2021 -IRO01-KA220-SCH- 000031620 — "ARC- EN CIEL EN VERT", склучен на ден 15.2.2022 година, Сузана Дерменџиева во својство на директор на Училиштето донела Одлука за формирање на тим на Erasmus + проектот "ARC- EN CIEL EN VERY'.
Видно од приложената Одлука, членови на тимот со мандат од 2 (две) години се вработени во Училиштето, и тоа:

1. [redacted] одговорна за спроведување на проектот;
2. [redacted] — одговорна за јазична асистенција и координација на практични активности;
3. [redacted] - одговорна за организација и спроведување на LTTA (мобилности за учење, настава и обвка и е -twinning);
4. [redacted] — одговорна за дистрибуирање на резултатите;
5. [redacted] — одговорен за активности на училишно ниво;
6. [redacted] — сметководител.

Согласно ваквата одлука, наведуваат дека подносителката на претставката била дел од формираниот тим, со точно определени обврски и задачи во врска со реализација на проектот.

Понатаму се наведува дека, согласно член 2 став 1 и член 3 став 1 од предметната Одлука, назначувањето на Проектниот тим е во согласност со документите на Националната агенција за европски образовани програми и мобилност и на Европската комисија со кои се уредува управувањето со проектите од програмата Erasmus +, односно во согласност со Договорот за грант и придружните анекси.

Во прилог на ова е и член 5 од Одлуката кој гласи: „За време на спроведувањето на проектот, училиштето, преку средствата обезбедени од грантот, ќе обезбеди поддршка за членовите на проектниот тим во согласност со условите утврдени во Анекс II".
Во контекст на оваа одредба, посочуваат дека [redacted] не само што е вклучена во Проектниот тим, туку истата примала и паричен надоместок за ангажманот.

Ова е потврдено и фактот што [redacted] склучила Договор на дело со Училиштето, заведен под бр. 0307-209/13 од 28.4.2022 година, со кој договор изречно се регулирани правата и обврските помеѓу двете договорни страни во врска со ангажманот при спроведувањето на проектот "ARC- EN CIEL EN VERY', за периодот од 02.04.2022 година до 24.03.2024 година.

Имено, во член 3 од Договорот е заведено: "На [redacted] во својство на извршител, за сите извршени работи да и се исплати надомест за учество во спроведување на секојдневните активности, учество во одбор за пречек на пристигнатите гости партнери во проектот "ВННОЖИТО ВО ЗЕЛЕНО", за учество на тркалезна маса, и аранжирање на кетеринг за време на спроведување на мобилноста, во износ од 3.000, 00 денари и персонален данок во висина од 333, 00 денари."
Како доказ на ова е приложен и Извод од промет и состојба на сметка број 7 од 6.5.2022 година.

Понатаму наведуваат дека на ден 30.8.2023 година од страна на претставници на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност на РСМ била извршена ад хок примарна посета за времетраење на проект кој не е финансиски поддржан од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а за проект кој е финансиран од Националната Агенција во Романија, во кој ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе е партнерска организација.
Видно од точка II од Извештајот од посетата, Националната агенција констатирала: "Во врска со реализирање на активностите за времетраењето на проектот, увидено е дека се запазени правилата и регулативите на програмата Еразмус +. Во текот на имплементацијата постои интензивна и редовна комуникација помеѓу партнерската организација од Романија која е носител и координатор на проектот во кој ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе е партнер организација.".
Понатаму во точка III од Извештајот е наведено дека: „процедурата за селекција на учесниците е направена пред започнување на активноста. Селекцијата е направена согласно предвидените критериуми во проектната апликација [...]"
Како доказ во прилог на ова доставен е Извештај за извршена ад хок примарна проверка на лице место, број 21-179/1 од 2.2.2024 година.

Во врска со мобилноста на наставници, известуваат дека на Наставнички совет одржан на ден 19.4.2023 година вработените во училиштето биле информирани за целите на мобилноста и истовремено било побарано сите заинтересирани наставници да се пријават.

Во однос на наводите од претставката кои се однесуваат на наводно изземање од координатор и целосно невклучување во ниту една мобилност на Еразмус, наведуваат дека подносителката ниту

е иземена како координатор, од причина што истата воопшто и не била назначена, ниту пак била целосно исклучена од проектот. Дополнително наведуваат дека не е вистинит наводот дека проектот е добиен од Националната агенција за образовни програми и мобилност.

Имено, истакнуваат дека во случајот станува збор за одобрен проект на Романската национална агенција, а не на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на Република Северна Македонија, како што е наведено во претставката, па во рамки на тој проект како партнер се вклучува Училиштето. Со самата смена на директор во училиштето, која се случува во периодот на одобрување на проектот, директорот како овластено лице станува и претставник одговорен за училиштето, односно контакт лице.

Во овој контекст, неспорно е дека за времетраењето на мандатот на [redacted] на нејзина покана претставници од Националната агенција за европски мобилности Скопје, присуствувале во Училиштето и ја презентирале Еразмус програмата. Исто така, неспорно е дека како овластено лице — директорка, извршила регистрација на Училиштето на електронската платформа со Идентификационен Број (ИД број) на Општинското основно училиште. Но, како што наведува и самата подносителка, новата [redacted], била онаа која формирала тим за конкретниот проект, во кој тим била вклучена и [redacted]

Во однос на тоа дека [redacted] била иземена од координатор на проектот Еразмус+ од страна на [redacted] заради политичка припадност на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, наведуваат дека истото е неточно од причина што именувањето на координатор на конкретниот проект е извршено директно од страна на Романската Национална Агенција, за што [redacted] дала Изјава, која е доставена во прилог. Дотолку повеќе, наведуваат дека [redacted] воопшто не ни била назначена за координатор на проектот, за да истата потоа биде иземена.

Во однос, пак, на тоа дека подносителката била исклучена од проектните активности, наведуваат дека во ниту еден случај, односно фаза од проектот, таа не била исклучена, ниту пак ѝ било одземено правото активно да партиципира на начин и согласно условите предвидени за секој член на проектниот тим, за што во прилог на произнесувањето доставуваат фотографии од нејзино учество во активности.

Наспроти дадените наводи во претставката, истакнуваат дека [redacted] не покажала интерес да биде на висина на предвидените обврски и задачи како член на проектниот тим и истата воопшто и не се вклучила во ETwinning, од кои причини проектниот тим бил принуден да побара помош од други колеги, вработени во Училиштето, а во насока на остварување на целите на меѓународниот проект. Како поткрепа на ова во прилог беа доставени Договор за субвенција на проектот, Изјава од Интернационалните проектни средби, Список на учесници на Меѓународна проектна средба и Агенда од истата.

Последно, согласно погоре даденото образложение, а во смисла на дефиницијата на дискриминација дадена во Законот за спречување и заштита од дискриминација, наведуваат дека подносителката на претставката-[redacted], ниту е ставена во понеповолна положба, ниту е третирана понижувачки, ниту пак била предмет на нееднаков третман во споредба со другите вклучени во проектот, туку напротив, ѝ било овозможено да учествува како член на проектниот тим подеднакво и под исти услови како сите останати членови.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

[redacted] е вработена во ООУ „Гоце Делчев"- Свети Николе од 12.1.2018 година на неопределено време и во моментов е наставничка во подрачното училиште во с. Горобинци. Истата година, со Решение за избор на директор бр. 0901-135/2 од 8.2.2018 година е избрана за директорка на училиштето од страна на тогашниот градоначалник на Општина Свети Николе, кој доаѓал од редовите на политичката партија СДСМ, со мандат од четири години.

По завршување на нејзиниот мандат, [redacted] донела Одлука за формирање на тим на Erasmus + проектот "ARC- EN CIEL EN VERY', а врз основа на член 113 став 13 од Законот за основно образование и Договорот за доделен грант од програмата ERASMUS + за именуваниот проект, склучен на ден 15.2.2022 година.
Видно од Одлуката, членови на тимот со мандат од 2 (две) години се вработени во Училиштето, меѓу кои е и Билјана Мишева, која согласно ваквата одлука имала определени обврски и задачи во врска со реализација на проектот, односно била одговорна за организација и спроведување на LTTA (мобилности за учење, настава и обука и е -twinning).

Во врска со ангажманот, [redacted] склучила Договор на дело со училиштето, заведен под бр. 0307-209/13 од 28.4.2022 година. Во Договорот се регулирани правата и обврските помеѓу двете договорни страни во врска со ангажманот при спроведувањето на проектот, за периодот од 02.04.2022 година до 24.03.2024 година. Согласно член 3 од Договорот: "На [redacted] во својство на извршител, за сите извршени работи да и се исплати надомест за учество во спроведување на секојдневните активности, учество во одбор за пречек на пристигнатите гости партнери во проектот "ВННОЖИТО ВО ЗЕЛЕНО", за учество на тркалезна маса, и аранжирање на кетеринг за време на спроведување на мобилноста, во износ од 3.000, 00 денари и персонален данок во висина од 333, 00 денари."

Видно од ова, како и од доставен Извод од промет и состојба на сметка број 7 од 6.5.2022 година, [redacted] добивала финансиски надоместок за нејзиното учество во проектот.

Понатаму, видно од Извештај за извршена ад хок примарна проверка на лице место, број 21-179/1 од 2.2.2024 година, на ден 30.8.2023 година од страна на претставници на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност на РСМ била извршена ад хок примарна посета за времетраење на проект кој е финансиран од Националната Агенција во Романија, во кој ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе е партнерска организација. Националната агенција во Извештајот констатирала: "Во врска со реализирање на активностите за времетраењето на проектот, увидено е дека се запазени правилата и регулативите на програмата Еразмус +. Во текот на имплементацијата постои интензивна и редовна комуникација помеѓу партнерската организација од Романија која е носител и координатор на проектот во кој ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе е партнер организација.".
Понатаму во точка III од Извештајот е наведено дека: „процедурата за селекција на учесниците е направена пред започнување на активноста. Селекцијата е направена согласно предвидените критериуми во проектната апликација [...]".

На Наставнички совет одржан на ден 19.4.2023 година вработените во училиштето биле информирани за целите на мобилноста и истовремено било побарано сите заинтересирани наставници да се пријават. Оттука, [redacted] била информирана за можностите за

мобилност, но не постои фактички доказ кој покажува дали [redacted] се пријавила или не се пријавила за учество во споменатите мобилности.

Во однос на именувањето на координатор на проектот, бидејќи станува збор за проект одобрен од страна на Романската национална агенција, а не на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на Република Северна Македонија, самото именување на координатор на конкретниот проект било извршено од страна на Романската Национална Агенција. Оттука, со смената на директор во училиштето, која настанала во периодот на одобрување на проектот, новата директорка, како овластено лице на училиштето, станала и контакт лице, односно претставничка одговорна за училиштето.

Истото е видно од Изјава дадена од [redacted] на 3.3.2022 година, која гласи:
„Јас, долупотпишаната [redacted] на училиштето ООУ Гоце Делчев, Свети Николе, [...]
Изјавувам дека поради промената на поранешната директорка/координатор на нашето училиште Билјана Мишева, која е веќе наведена на нашиот формулар како координатор, јас ја преземам улогата на координатор на проектот во нашето училиште. Таа останува во нашиот тим како одговорна за активностите со учениците".

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."

Во оваа насока, **член 8 став 1** од Законот ја дефинира директната дискриминација:
„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."

Во конкретниот случај, самиот факт што подносителката била иземена од позицијата координатор на Еразмус+ проектот во училиштето, не упатува на нееднаков третман. Имено, таа била иземена како координатор на Еразмус+ проектот во училиштето од причина што нејзиниот мандат како директорка истекол и на нејзино место дошла новата директорка- Сузана Дерменџиева, која како овластено лице на училиштето ја преземала и улогата на координатор на проектот. И покрај смената на координатор, [redacted] останала дел од проектниот тим.

Понатаму, во однос на нејзината вклученост во проектни активности, а видно од фотографиите приложени во прилог на произнесувањето, [redacted] учествувала во повеќе активности во училиштето, меѓу кои и пречек на претставници од проектниот партнер во Романија, присуство на гала вечер и учество на Априлијада. Оттука, не постојат ниту факти и околности кои го докажуваат наводот на подносителката дека била исклучена од проектни активности и со тоа нееднакво третирана во однос на останатите членови на тимот. Дотолку повеќе, врз основа на Договорот на дело склучен со училиштето, заведен под бр. 0307-209/13 од 28.4.2022 година, таа добивала финансиски надоместок за нејзиното учество во проектот, во износ од 3000 денари месечно.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба, а имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на Сузана Дерменџиева кон Билјана Мишева.

Скопје
7.3.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]